– Сектор за правни работи–

Друштво за производство,услуги трговија
на големо и мало ВИДЕО АЛАРМ
ДОО увоз-извоз
Бр. 0307 - 024 / 22
18. 07. 2022 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03-7890/1
Датум: 18 -07- 2022

ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки -
поставување на механизам за контрола на пристап на влезот на гаражата на Министерството за финансии

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев“, бр.12 - Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и
2. Друштво за производство, услуги, трговија на големо и мало ВИДЕО АЛАРМ ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул.„Народен фронт“, бр.13/5 во Скопје, претставувано од Зоран Јанкулоски, управител, во понатамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на стоки - поставување на механизам за контрола на пристап на влезот на гаражата на Министерството за финансии на ул. Даме Груев бр.12 во Скопје, по спроведена постапка од мала вредност по оглас број 08463/2022 и согласно техничките спецификации од тендерската документација кои се дадени како Прилог 1 кон овој договор и се негов составен дел.

## II. ЦЕНА

### Член 2

Вкупната вредност за набавка, испорака, монтажа, поврзување, програмирање, инсталирање и пуштање во функција на механизмот за контрола на пристап на влезот на гаражата на Министерството за финансии – предмет на договорот изнесува 120.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност е 21.600,00 денари.

Вкупната вредност на договорот изнесува 141.600,00 денари, со пресметан данок на додадена вредност.

### Член 3

Цената од членот 2 од овој договор е крајна, фиксна и непроменлива се до

конечното исполнување на договорот.

Во цената од член 2 од овој договор се опфатени трошоците за набавка, испорака, монтажа, поврзување, програмирање, инсталирање и пуштање во функција на механизмот за контрола на пристап, како и патните, дневните или евентуално други трошоци на носителот на набавката и претходната подготовка на теренот, како извршување подготвителни работи и спроведување на потребната електрична инсталација (електрично напојување) до местото каде што ќе биде поставен механизмот за контрола на пристап.

## III. ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Услов за потпишување на договорот со носителот на набавката е обезбедување гаранција од страна на носителот на набавката за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 5% од максималната вредност на склучениот договор со пресметан ДДВ.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Со гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го реализира на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно согласно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на

договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на носителот на набавката или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## IV. РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА НАБАВКА НА СТОКАТА

### Член 5

Набавката, испораката, монтажата, поврзувањето, програмирањето, инсталирањето и пуштањето во употреба на механизмот за контрола на пристап, ќе се изврши по претходно изготвена писмена порачка од страна на договорниот орган, доставена до носителот на набавката.

Рокот на испорака, монтажа, поврзување, програмирање и пуштање во работа на механизмот за контрола на пристап на влезот на гаражата на Министерството за финансии, изнесува 45 (четириесет и пет) денови од денот на приемот на писмената порачка од договорниот орган.

## V. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 6

Договорниот орган плаќањето ќе го изврши во рок од 30 (триесет) календарски денови сметано од денот на приемот на фактурата кон која се приложени уредно потпишана испраница/работен налог дека механизмот за контрола на пристап со целокупната пропратна опрема предмет на овој договор е поставена и ставена во функција, како и гаранциски листови за истата.

## VI. ГАРАНТЕН РОК

Член 7

Гарантниот рок за испорачаниот и инсталиран механизам за контрола на пристап со целокупната пропратна опрема предмет на овој договор, изнесува 12 (дванаесет) месеци.

Одржувањето за време на гарантниот период опфаќа еден превентивен преглед и интервенција по повик со одржување и сервисирање доколку се појави неисправност на системот за контрола на пристап со целокупната пропратна опрема согласно гарантираните услови.

## VII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 8

Носителот на набавката се обрзува дека ќе го изврши предметот на договорот навремено и квалитетно согласно со прифатената понуда и пропишаните стандарди за ваков вид на набавка на стока.

Носителот на набавката е должен да се придржува кон рокот за извршување на предметот на договорот кој е дефиниран во член 5 став 2 од овој договор.

## VIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 9

Договорниот орган се обврзува да ја плати уредно доставената фактура според условите дефинирани во член 6 од овој договор.

## IX. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Договорот е со важност од 12 (дванаесет) месеци од денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

## X. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара остварување на своите права и исполнување на обврските од другата договорна страна или да го раскине договорот.

Член 12

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

Доколку дојде до еднострано раскинување на договорот поради неисполнување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 13

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со закон.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа, писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на последиците од вишата сила, договорот може да се реализира, доколку неговата реализација не е завршена пред настапувањето на вишата сила.

– Сектор за правни работи–

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договор само во согласност со одредбите на Законот за јавните набавки.

За се што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и другите позитивни правни прописи.

Член 15

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава надлежниот суд во Скопје.

Член 16

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 17

Овој договор е составен и потпишан во 4 (четири) истоветни и полноважни примероци, по два за секоја страна.

| Договорен орган: | Носител на набавката |
|---|---|
| Република Северна Македонија<br>Министерство за финансии<br>Скопје | Друштво за производство, услуги, трговија на големо и мало ВИДЕО АЛАРМ ДОО увоз-извоз Скопје |
| Dr. Fatmir Besimi<br>Министер за финансии | Зоран Јанкулоски<br>Управител |

Изработил: Мариа Анѓелеска
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст

Прилог 1

## ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

### за јавна набавка на стоки – поставување на механизам за контрола на пристап на влезот на гаражата на МФ

Предмет на договорот за јавна набавка на стоки е поставување на механизам за контрола на пристап на влезот на гаражата на Министерството за финансии.

Локација на која треба да се постави механизмот за контрола на пристап: на влезот на гаражата на Министерството за финансии на паркинг просторот кај објектот на Министерството за финансии на ул. Даме Груев бр.12 во Скопје.

За да може да се испорача, монтира, поврзе, програмира и пушти во работа механизмот за контрола на пристап на влезот на гаражата на Министерството за финансии, потребно е да се извршат подготвителни работи и да се спроведе потребната електрична инсталација (електрично напојување) до местото каде што ќе биде поставен механизмот за контрола на пристап.

Покрај напојувањето, по потреба (при прекин на електричната енергија), механизмот за контрола на пристап да поседува можност и батерија за резервно батериско напојување, како и можност за механички (рачно) да се отвора и затвора.

Механизмот за контрола на пристап да има можност и за мануелно отворање на рампата во случај кога не работи ниту основното напојување, ниту батериското напојување, како и брава со клуч.

Во прилог на образецот - понуда, економскиот оператор треба да достави технички спецификации и брошури, каталози или слики за понудените механизми за контрола на пристап.

1. Механизам за контрола на пристап со носечка поцинкована обоена челична кутија адекватна за почесто користење и поголем циклус на сообраќај.

2. Алуминскi бело обоен крак со должина од 6 метри со двострани LED диоди за означување.

3. Време на отворање на механизам за контрола на пристап: помеѓу 3 и 8 секунди.

4. Работна температура: од -20 С до +55 С.

5. Јачина на струја за напојување на мотор за механизам за контрола на пристап: 1.3А - 1.6А (220V +/-10%).

6. Моќност на мотор за механизам за контрола на пристап: до 500w max (24 Vdc).

7. Вртежен момент на мотор за механизам за контрола на пристап: до 285 (Nm).

8. Поседува соодветна заштита од удирање во возило или човек.

9. Поседува можност за поврзување со резервно УПС напојување.

10. Механизмот за контрола на пристап да има можност за далечинско СИМ управување, односно за далечинско затворање, отворање и стопирање на истиот.

11. Механизмот за контрола на пристап да има можност за мануелно отворање на рампата во случај кога не работи ниту основното напојување ниту батериското напојување, како и брава со клуч.

12. Куќиштето на механизмот за контрола на пристап да поседува заштита од надворешни влијанија – IP44.

13. Приемник за централа, со 4 канали и можност за жичано управување од 2 електрични брави со копчесто заклучување (230-240VAC, работен циклус N/A со заштита од надворешни влијанија – -IP54), поставени на 60 метри далечина од рампата.

14. Пар фотоќелии за надворешно вградување.

15. Самолепливи рефлектирачки ленти.

16. Дополнителен фиксен потпирач со можност за издолжување по висина.

17. За осветлување на просторот може да се употреби стандардна сигнална (флеш) светилка.

---

18. Контролен модул за отварање на рампа преку мобилен телефон кој работи со стандардна СИМ картичка.

19. Да биде без наплата за повици - прекинувачот GSM релето да го преземе повикот од овластениот број, а потоа да врши вклучување/исклучување на првото.

20. Да има “sвонче” Поддршка од 850/900/1800/1900 MHz “Quad Bands” кои може да се ракува од секаде без ограничувања на растојанието.

21. Корисниците да може да се додаваат или отстрануваат преку СМС команди директно од телефон или преку мобилна апликација без да мора да се обезбеди далечински управувачи или копчиња за различни корисници.

22. Да се конфигурираат до 200 овластени телефонски броеви во дадено време.

23. Да има функција за тајминг – да може да се постави времето на отварање и затварање во согласност со барањата и да може да се користи овој прекинувач со далечински реле за да се направи вратата смарт.

24. Да биде со метално куќиште и компактен дизајн. Погоден за надворешна употреба.

25. Да биде комплет со напојувачки модул соодветен за уредот кој само ќе се поврзе на мрежно напојување 220V AC.

26. Набавката на СИМ картичката ќе биде од страна на договорниот орган – корисникот.

27. Столб за прифаќање на кракот од рампата.

28. Пар заштититни фотоќелии со работен напон соодветен на понудената рампа (неопходно е фотоќелиите да се поврзат дирекно на напојување од самата елекроник на рампата).

29. Два надградни кутиии со 2 тастери за отворање и затворање на рампата.

30. Кабел за командни тастери FTP Cat6 од 60 метри.

31. Кабел за напојување 3x2,50 мм од 40 метри.